ЖЕЛБИ

Маца и беше лута на Нада. Да не ги знаеш, ќе мислиш Нада е некој монструм. А, она и е само внука на Маца, сестричина.

Меѓу другите гревови, Нада и рекла на Маца дека кога ќе умре ќе и го земе сервисот. Сервисот беше шарен, за чај, со бело, зелено и златно.

Маца постојано викаше дека треба да се направи како што рекол некој многу паметен човек, гробиштата на плоштад да се стават, сите да знаат што ги чека. Маца имаше седумдесет и кусур години.

Нада имаше триесетина. И немаше деца. А, немаше ни Маца.

Сервисот не и го зема. Оти прва умре.

Нада прва умре. На погребот во Свети Николе додека се јадеше после закопот имаше еден отоман направен како сандак или како мртовец, а на градите имаше тенџерче со вода. Или со варено жито ли беше. Како раце поклопени на градите. Мислам дека и Маца беше на закопот. А може и не.

Важно сервисот и остана.

Сега скоро кај мене го земав. Прашлив беше.

Не ја закопаа на плоштад. Ама барем сервисот до крај и остана.